АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 79 Февруари 2009

**По интензивните средби што ги имаше Претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, Г-дин Ненад Јаниќевиќ и членовите на Управниот одбор со претставници на Владата и министерствата, за време на кои, меѓу другото, беше истакната и потребата од враќањето на шифрата на дејност - адвокатски работи во Националната класификација на дејности, во прилог Ви го доставуваме дописот доставен до Г-динот Никола Груевски, заедно со компаративната анализа изготвена од страна на АКРМ во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите во други држави.**

**ДО ВЛАДА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Г- дин НИКОЛА ГРУЕВСКИ**

**Почитуван Г-дин Премиере,**

Пред се, дозволете ни уште еднаш да Ви изразиме огромна благодарност за досегашната извонредна соработка и искажаната подготвеност и желба да излезете во пресрет на Адвокатската комора на Република Македонија, со цел да се изнајдат подобри и посоодветни законски решенија, а воедно и да се заштитат интересите и предметот на работа на скоро 1900 адвокати, како и угледот и достоинството на адвокатурата, вооошто, како еден од основните столбови на демократијата и гаранција за заштита на правата и слободите на граѓаните.

Имено, на седница на Владата на РМ беа усвоени повеќе заклучоци, како одговор на барањата на адвокатите во Република Македонија. Еден од усвоените заклучоци се однесува на следното:

Државниот завод за статистика **се задолжува во Националната класификација на дејности да ја врати шифрата на дејности на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи.**

До ден денес нема никаква промена во однос на горенаведеното, односно во однос на задолжението поставено од страна на Владата на РМ за враќање на посебната шифра на дејност на адвокатите, иако во повеќе наврати се обративме до директорот на Државен завод за статистика, г-ѓа Благица Новковска со барање најитно да се постапи по задолжението на Владата на РМ.

Исто така веќе подолг временски период упорно инсистираме на средба со директорката, но до ден денес таква средба не е остварена, односно истата постојано избегнува било каков контакт со претставници на АКРМ.

По долго време упорно барање на средба, што може да се види и од дописите приложени кон овој допис, конечно добивме покана за работен состанок со Државниот завод за статстика кој беше закажан за ден 25.02.2009 година во 13 часот. Имајќи ја во предвид исклучителната важност на решавањето на ова прашање за адвокатите, на состанокот беа поканети да дојдат претставници на адвокатските заедници, за што го известивме Државниот завод за статистика, а воедно до Заводот доставивме и компаративна анализа во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите во други земји. Но, за жал, непосредно пред одржување на состанокот, добивме известување дека состанокот е откажан, и закажана е нова средба дури за 9 април 2009 што уште покажува на крајно непочитувачки однос кон АКРМ и кон Владата на Република Македонија, во чие име тие настапуваат.

Крајно сме револтирани од ваквиот несериозен однос на г-ѓа Новковска. Исто така, кај членството на АКРМ се повеќе се интензивира револтот и незадоволството, од причина што и покрај желбата и намерата на Владата да излезе во пресрет на барањата на адвокатите, таквите заклучоци сеуште не можат да се спроведат во пракса, а сето тоа заради несериозниот, неодговорниот и непрофесионалниот однос на директорот на Државниот завод за статистика, г-ѓа Благица Новковска, која не го почитува и не постапува согласно заклучокот на Владата за враќање на посебната шифра на дејност на адвокатите. Револтот кулминира до тој степен што и масовно почнаа да пристигнуваат барања од адвокатските заедници за активирање на одлуката за прекин на работата на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници.

Во контекст, а воедно и поткрепа на оправданоста на заклучокот усвоен на седница на Влада, со кој Државниот завод за статистика е задолжен да ја врати шифрата на дејност на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи, во рамките на Националната класификација на дејности, **изработивме компаративна анализа, односно направивме компарација со други држави во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите, при што констатиравме дека и во останатите земји од регионот и пошироко, меѓу кои и држави-членки на Европската Унија, адвокатите се подведени под посебна шифра на дејност во рамките на Национална класификација на дејности.**

Така, во рамките на Националната класификација на дејности на **Република Словенија** постои оддел Правни работи - М69.1, во рамките на кој е предвидена група Правни работи - М69.10, а во рамките на оваа група е предвидена **посебна класа за адвокатите, односно под посебна шифра - М69.101 е наведена адвокатурата.**

Понатаму, **во Република Бугарија**, адвокатите се исто така подведени под **посебна шифра на дејност - 2421**, во рамките на групата Правни професии.

Во **Унгарија** адвокатите исто така имаат **посебна шифра на дејност - 2531,** како дел од групата во која се класифицирани сите правни професии.

По остварените контакти со Романската адвокатска комора и доставената Национална класификација на дејности, исто така констатиравме дека **адвокатите во Романија имаат посебна шифра на дејност - 242101.**

И во рамките на Националната класификација на дејности на **Федерација Босна и Херцеговина за адвокатите е предвидена посебна шифра на дејност - 242101.**

Во **Република Србија**, во рамките на групата Правни работи - 7411, адвокатите исто така се подведени **под посебна шифра на дејност 74111 - адвокатски работи.** Сите останати правни работи се подведени под друга шифра на дејност 74112 и останати правни работи.

**Во прилог на овој допис Ви ги доставуваме и Националните класификации на дејности на горенаведените држави.**

Сметаме дека изработката на оваа компаративна анализа во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите ќе биде исклучително корисна при спроведувањето на заклучокот усвоен од страна на Владата на Република Македонија и дека истата задолжително треба да биде земена во предвид.

Со тоа што **Државниот завод за статистика на Владата не презентирал компаративна анализа во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите во други земји, кои ги следат европските директиви и трендови, Владата е доведена во заблуда да донесе одлука да ја укине шифрата на дејност на адвокатите, спротивно на сите европски регулативи.**

Имено, во образложението доставено до Владата како поткрепа на укинувањето на посебната шифра на дејност на адвокатите е наведен само примерот со решението на ова прашање на Хрватска, а изоставени се огромниот број на земји, каде согласно европските директиви, адвокатите се подведени под посебна шифра на дејност.

Последиците од сето ова, во овој особено важен период за Република Македонија, се уште посериозни, од причина што во моментов Република Македонија, како земја кандидат за членство во Европската Унија е под под постојан надзор на Европската Унија и меѓународната заедница, воопшто.

Во рамките на Новата класификација на дејности (Сл.Весник на РМ бр.147 од 26 ноември 2008 година) **во одделот 69** - Правни и сметководствени дејности е наведена **групата 69.1 - Правни работи.**

**Оваа група опфаќа само една класа 69.10-** со идентичен назив како и групата- Правни работи.

Воопшто **не се врши поделба на оваа класа на подкласи,** со што би се извршило разграничување на адвокатските работи кои ги вршат лиценцираните адвокати, од другите правни работи на останатите нелиценцирани вршители на оваа дејност.

Имено, постоењето на една општа класа правни работи со која се опфатени сите видови правни работи, создава можност без никакви предуслови, да се основаат трговски друштва, кои како своја претежна дејност ја регистрираат дејноста правни работи, без притоа да се бараат било какви дипломи за завршен Правен факултет од основачот или управителот, ниту пак потврди за положен правосуден испит.

Постоењето на општа класа правни работи значи легализација на надриписарството во РМ, кое е предвидено како кривично дело во Кривичниот законик, како и задоволување на интересите на одредени поединци, кои без било какви лиценци, без осигурување од одговорност спрема клиентите, непрофесионално и нелегално даваат правни совети, составуваат правни дела, правни лекови, па и застапуваат пред правосудните органи.

Општата класа правни работи значи воведување на паралелизам на адвокатурата како професија и легализирање на нелојалната конкуренција на адвокатите.

Понатаму, предлогот НКД Рев.2, во која опстојува само една генерална класа дејности - правни работи **е во спротивност со следните законски одредби:**




- член 81 од Законот за парничната постапка во кој се определува кој може да биде полномошник во постапката;
- член 63 од Законот за кривичната постапка кој предвидува дека бранител може да биде само адвокат;
- член 381-а од Кривичниот Законик кој се однесува на кривичното дело надриписарство;
- одредбите од член 12 од Законот за адвокатурата кои ги уредува условите кои треба да ги исполнува лицето кое може да врши адвокатска дејност.

Очигледно е дека со ваквите промени повторно се враќаме назад, односно со воведувањето на една општа класа правни работи, повторно се внесува на мала врата хаосот и правната несигурност на граѓаните при добивањето на правна помош, надриписарството, нелојалната конкуренција и минимизирањето на адвокатската професија, само заради задоволување на личните интереси и апетити на поединци, на кои им се ускратува правото да се појавуваат како надриписари и слободно, без лиценци и одговорности да пружаат правна помош.

Во врска со заклучокот усвоен од страна на Владата на РМ за задолжување од Државниот завод за статистика, да ја врати шифрата на дејност (74.11/1 - адвокатски работи) во Националната класификација на дејности, предлагаме, согласно чл. 3 од Законот за адвокатура, како и описот на шифрата на дејност 74.11/1-адвокатски работи, Државниот завод за статистика да ја врати дејноста на адвокатите како што беше пред да биде избришана, односно предлагаме, согласно заклучоците на Владата, Националната класификација на дејности да биде изменета на следниот начин:

**Предлог - Национална класификација - НКД Рев - 3**

М/К СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ

69 Правни дејности

69.1 Правни работи

69.10 Адвокатски работи

Оваа класа опфаќа:

- правно застапување на интересите на странките пред судовите и другите правосудни органи од лица кои се членови на адвокатската комора или се под нивна контрола:
- Правни совети и застапување во граѓански предмети;
- Правни совети и застапување во кривични предмети;
- Правни совети и застапување во спорови кои произлегуваат од работните односи;
- Општи правни совети и подготовка на правни документи;
- Договори за основање,здружување,договори за партнерство и слични документи во врска со основање на деловни субјекти,
- Подготовка на тапии, тестаменти, старателства и др.

69.11 Други правни работи

Оваа класа опфаќа:

- Индустриска сопственост и авторски и сродни права;
- Дејности на нотари - правни работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон
- Судски службеници, проценители, извршители, арбитри, арбитражни судии, испитувачи, иследници, медијатори и др.

Почитуван Премиере, имајќи го во предвид ваквиот неодговорен и несериозен однос на директорката на Државниот завод за статистика, г-ѓа Благица Новковска, која упорно избегнува средба со Адвокатската комора на Република Македонија, а истовремено не презема апсолутно ништо за спроведување на заклучокот усвоен од страна на Владата за враќање на посебната шифра на дејност на адвокатите, при што веќе е очигледно и присуство на личен мотив и свесна намера за нерешавање на ова прашање, **бараме итна смена на директорката на Државниот завод за статистика, г-ѓа Благица Новковска, поради несовесно и неодговорно вршење на своите обврски и работни задачи, како и поради непочитување и непостапување по задолжението дадено од страна на Владата на РМ за враќање на посебната шифра на дејност на адвокатите - адвокатски работи.**

Однапред Ви благодариме за Вашето разбирање и соработката.
Во очекување на Вашиот одговор, срдечно Ве поздравуваме.

**Со почит,**

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател на УО**
**Ненад Јаниќевиќ, адвокат**

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ГО ПОДДРЖУВА СТАВ НА АКРМ

На седница на Владата на РМ беа усвоени повеќе заклучоци, како одговор на барањата на адвокатите во Република Македонија. Еден од усвоените заклучоци се однесува на следното:

Државниот завод за статистика **се задолжува во Националната класификација на дејности да ја врати шифрата на дејности на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи.**

Во контекст, а воедно и поткрепа на оправданоста на заклучокот усвоен на седница на Влада, со кој Државниот завод за статистика е задолжен да ја врати шифрата на дејност на адвокатите 74.11/1 - адвокатски работи, во рамките на Националната класификација на дејности, АКРМ **изработи компаративна анализа во однос на постоењето на посебна шифра на дејност на адвокатите во други држави, при што констатиравме дека и во останатите земји од регионот и пошироко, меѓу кои и држави-членки на Европската Унија, адвокатите се подведени под посебна шифра на дејност во рамките на Национална класификација на дејности.**

**Министерството за правда го поддржува ставот на АКРМ дека постоењето на адвокатска дејност во Национлната класификација не е во спротивност со европските стандарди, имајќи во предвид дека во повеќе држави ширрум европа посебната шифра на дејност на адвокатите егзистира во нивните национални класификации на дејности.**

## ЗАКОН ЗА АДВОКАТСКА МАРКИЧКА

Согласно заклучокот донесен на седница на Владата на РМ, како одговор на едно од барањата на адвокатите, Министерството за финансии во соработка со Министерството за правда е задолжено во рок од 30 дена да изготви Закон за адвокатска маркичка.

Со воведување на адвокатската маркичка ќе се реши прашањето на фискализација на адвокатите, како и прашањето за персонален данок.

Со цел да придонесе за поквалитетна содржина на Законот за адвокатска маркичка АКРМ веќе изготви работна верзија на Законот за адвокатска маркичка, која ја достави до УЈП и до Министерството за финансии. АКРМ има одлична соработка со УЈП и директорот Г-дин Горан Трајковски, и со свои претставници во мешовитата комисија работи на изготвување на законот.

**Врз основа на работниот текст на Законот за адвокатска маркичка изготвен од страна на АКРМ, Министерството за финансии веќе изготви работна верзија на Законот за адвокатска макркичка, кој беше доставен до сите претседатели на адвокатските заедници во Република Македонија, со покана до сите членови на Адвокатската комора на РМ да достават до АКРМ свои предлози и мислења за оваа работна верзија на Законот, изработена од страна на Министерството на финансии.**

## АДВОКАТИТЕ ЌЕ ПЛАЌААТ ПРИДОНЕСИ НА ЕДНА ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА

**По интензивните преговори со претставници на Владата на Република Македонија како и претставници на надлежните министерства, при кои АКРМ инсистираше на изземање на адвокатите од плаќањето на придонеси на основица утврдена на износ од две просечни бруто плати, поради коализија на член 14 и член 4 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со член 53 од Уставот на Република Македонија и член 2 од Законот за адвокатура, според кои адвокатите даваат правна помош, а не услуги, Владата на Република Македонија донесе одлука за измена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со која, минимална основица за плаќање на придонесите е утврдена на износ од една просечна плата. Истата измена е доставена до Собранието на РМ и ќе биде на дневниот ред на првите седници после изборите.**

**Адвокатската комора на Република Македонија ја поздравува ваквата одлука на Владата на РМ, која веднаш одговори на барањата на адвокатите.**

Мој живот. Мое осигурување.
Еуролинк Осигурување АД Скопје
Еуролинк Осигурување АД Скопје, Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат 1000 Скопје, Македонија, ИНФО БРОЈ 02 15115
Тел. (02) 32 31 623; (02) 32 31 623; Факс (02) 32 31 625; E-mail:eurolink@eurolink.com.mk, www.eurolink.com.mk



*IN MEMORIAM*

***На ден 03 Март 2009 година почина нашиот драг колега Бранислав Костов. Погребот во присуство на неговите најблиски, многубројни пријатели и колеги се одржа на ден 04 Март 2009 година.***

***Во прилог Ви го доставуваме нашето последно обраќање до него.***

**Драги наш Бранко,**

**Адвокатската комора на Република Македонија ја пишува својата црна страница. Ти, кој 32 години делеше и добро и лошо со илјада генерации адвокати, ти, кој живееше со сите нас и ги преживуваше сите адвокатски згоди и незгоди. Ти, кој даваше совет, критика, ти, кој подучуваше, другаруваше, паѓаше и стануваше со секој успон и пад на адвокатурата во Република Македонија, ти, кој знаеше на секој да му кажеш што е добро, што е хумано, што е доблесно.**
**Ти беше пријател и колега, кој не се штедеше да ги подучуваш и твоите колеги и колешки од Стручната служба и кој со својата проницливост и безазлена критичност ги изгради во прави личности кои стануваат белег на Комората.**
**Ти знаеше со секој од нас да прозбориш, да се напиеш, да наздравиш за сето она што Комората го правеше сите овие години. А ја сакаше Комората над се.**
**Те изгледа и воспита твојот татко, адвокат Панче Костов, чие име остави неизбришлива трага во адвокатурата во Република Македонија.**
**Живееше и пулсираше секојдневно со ритамот на адвокатите.**
**За секој имаше збор повеќе, за себе не! Не се штедеше себеси! Не признаваше болест, мислеше секогаш на своето семејство, а и тие мислеа на тебе.**
**Во последните мигови бевме сплотени со твоето семејство - сопругата, синот и ќерката. Со твојата сестра Јованка баравме спас во секој лекарски збор. Секоја нивна насмевка ни влеваше надеж дека ќе успееш да ја победиш смртта. Беше силен, но во исто време емотивен, дури и во моментите кога ти беше најтешко. Солзата и емоцијата кога не виде беа појаки и од тебе и од нас.**
**Не успеа, но допрва сите ние адвокати ќе ја чувствуваме празнината од твоето заминување. Ќе ни недостасуваат твоите шеги за секого, прекари кои ги измислуваше за сите нас.**
**Нема веќе пивце, ракиичка, убав збор со тебе. Благодариме што беше таков што си!**
**Бранко Костов гордо заминува!**
**Денес адвокатурата во Макдонија плаче, но никогаш нема да заборави дека сме те имале!**

*32 ГОДИНИ*




**ПОПУСТ ЗА АДВОКАТИ !!!**

- третмани на лице и тело
- третмани за слабеење
- депилација
- маникир и педикир
- детокс
- акрилни нокти

Козметичкиот салон Полена работи исклучиво со реномирани производи од Далтон, Јансен, Афродита, Етребелле и Риор.

ул. Даме Груев бр. 1 - Градски ѕид
наспроти Собрание на Република Македонија
тел. 02 / 3223-116 тел. 075 / 28 44 11

COSMOFON

COSMOFON - Услуги на мобилна телефонија АД Скопје
Бул. К.Ј.Питу 15, 1000 Скопје, Македонија
тел. 02 - 244 - 1000; Факс: 02 244 1122
www.cosmofon.com.mk

Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СТРУЧНА СЛУЖБА